РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-653/1
04-02-2026

Врз основа на член 22 и чл.23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 27-ма седница одржана на ден 23.01.2026 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-878/1 од 24.02.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-878/1 од 24.02.2021 година да се архивира.

Одлуката да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08-878/1 од 24.02.2021 година е оформен по пријава од непознат подносител. Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатирала дека лицето ________________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата претседател на Управен одбор на ____________________, не поднела анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците ( „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19 и 253/23), Прекршочната постапка не може да се води ако поминат две години од денот на последното дејствие на прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот на последното дејствие на прекршокот.

Во конкретниот случај, престанокот на функцијата претседател на Управен одбор на __________________ на лицето ____________ е на ден 29.10.2021 година и согласно со член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси истата имала обврска најдоцна во рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата, односно до 29.11.2021 година, да поднесе анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата. Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителот на прекршокот не е поведена, настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

**Изготвил:** К.Б, соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М,раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
**Одобрил:** З.Б,член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk